Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Арх. Бр. | 02-161/1 | | Проф. д-р Зоран Шапуриќ |
| Датум: | 27.01.2020 | | В.Д Директор, Државен инспекторат за земјоделство |
| Место: | Скопје | (м.п.) | |

Врз основа на член 55 став 2 и член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), член 78 став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019), В.Д Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА

### Член 1
### Општи одредби

(1) Со овој правилник се уредува начинот на определувањето на висината на трошоците за вршење на инспекциски надзор од страна на овластените инспектори, при Државниот инспекторат за земјоделство, според реално направените трошоци за спроведениот инспекциски надзор, трошоците за правење на потребни мерења и лабораториски анализи и трошоците за превоз.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член, за постапка која е завршена без изрекување на инспекциска мерка, ги сноси инспекциската служба која го спровела инспекцискиот надзор.

(3) Трошоците од ставот (1) на овој член, за постапка која е завршена со изрекување на инспекциска мерка од членот 83 од Законот за инспекциски надзор, кога со решение се изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор, освен опомена, ги сноси субјектот на инспекциски надзор.

(4) Решението со кое е изречена инспекциска мерка (согласно членот 20 од Законот за државниот инспекторат за земјоделство а во врска со членот 83 од Законот за инспекциски надзор), се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот од член 82 на Законот за инспекциски надзор.

### Член 2
### Трошоци

Трошоците во овој правилник се усогласуваат согласно член 78 став 1 од Законот за инспекциски надзор и се делат на:
- трошоци за спроведениот инспекциски надзор,
- трошоците за правење на потребни мерења и лабораториски анализи и
- трошоците за превоз.

### Член 3
### Трошоци за спроведениот инспекциски надзор

(1) Висината на трошоци за спроведениот инспекциски надзор согласно овој правилник се следни и тоа за:

- При контролен инспекциски надзор (член 76 од ЗИН) кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт (решението), при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор: постапил, делумно постапил и не постапил по инспекцискиот акт

(решението), се пресметува зголемен за двоен износ со оглед да се врши повторен надзор со утврдување на горенаведената цел на инспекциската постапка.

-Овластениот инспекторот во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, може привремено да одземе документи, стока и други предмети кои можат да му послужат како доказ во соодветната постапка и кога е пропишано нивното задолжително одземање, кога со нив е сторен прекршок или кривично дело или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици, во согласност со закон.

- Трошоците за обезбедување на услови и чување на привремено одземените предмети до нивното предавање на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија, направени од страна на надлежниот инспектор, при спроведување на инспекциска мерка со привремено одземање на предмети заради обезбедување на докази во постапка се на товар на субјектот на надзорот.

- Во трошоци за спроведен инспекциски надзор се предвидуваат и трошоци за архивско работење (хартија, тонер, поштенски трошоци) и др. непредвидени трошоци кои ќе бидат направени во инспекциската постапка.
- Издавање на записник, решение, контролен записник, издавање потврда за привремено одземени предмети, прекршочен платен налог и други административни трошоци се пресметуваат во износ од 1.5 денари/страна, а за секоја заверена копија верна на оригиналот од истите се наплаќа трошоци во износ од 50 денари.

(2) Непостапувањето односно делумното постапување по инспекцискиот акт (решението), претставува основа за примена на инспекциска мерка во согласност со закон, а истиот повлекува реално направени трошоци за инспекциската постапка.

(3) Надлежниот инспектор ја определува висината и начинот на реално направените трошоци за инспекциската постапка, врз основа на параметрите, потребните мерења, ангажирање на стручни или вешти лица, асистенција на орган од управата, адвокати и други лица потребни во постапката согласно со сложеноста за спроведување на инспекциска постапка.

(4) Во висината на трошоците на овој член не влегуваат трошоците за правење на потребни мерења и лабораториски анализи од членот 4 и трошоците за превоз од членот 5 на овој правилник.

**Член 4**
**Трошоците за правење на потребни мерења и лабораториски анализи**

(1) Посебни дејствија во инспекциската постапка е земање примерок за правење на потребни мерења и лабораториски анализи, ангажирање на стручни лица, вештаци и други лица потребни во постапката.

(2) Надлежниот инспектор ја определува висината и начинот на реално направените трошоци во постапката согласно со сложеноста за спроведување на инспекциска постапка.

**Член 5**
**Трошоците за превоз**

(1) За патнички моторни возила кои користат бензин се определува просечна потрошувачка од 8 (осум) литри на изминати 100 километри. Висината на патните трошоци за наведената класа на патнички моторни возила се пресметува на следниот начин:

- Определената просечна потрошувачка (8 литри на 100 километри) се множи со бројот на изминати километри од седиштето на инспекторатот, односно подрачната канцеларија до одредената дестинација и враќање од одредената дестинација до местото на поаѓање.
Во случаевите кога на местото каде треба да се изврши инпсекциски надзор нема распределено надлежен инспектор, истиот ќе се обезбеди од страна на најблиската подрачна канцеларија, а пресметката ќе се изврши според седиштето на субјектот на надзорот.
Добиениот износ се дели со 100 (сто) и се множи со висината на цената на горивото по литри. Вака добиениот износ се зголемува за 20 % на име амортизација на возилото.

| |
|---|
| 8 x ___км = x / 100 x ___ден/литар =___денари x 20 % =______денари |
| *Табела за пресметување во прилог |

(2) За патнички моторни возила кои користат дизел гориво се определува просечна потрошувачка од 7 (седум) литри на изминати 100 километри. Висината на патните трошоци за наведената класа на патнички моторни возила се пресметува на следниот начин:
- Определената просечна потрошувачка (7 литри на 100 километри) се множи со бројот на изминати километри од седиштето на инспекторатот, односно подрачната канцеларија до одредената дестинација и враќање од одредената дестинација до местото на поаѓање.
Во случаевите кога на местото каде треба да се изврши инпсекциски надзор нема распределено надлежен инспектор, истиот ќе се обезбеди од страна на најблиската подрачна канцеларија, а пресметката ќе се изврши според седиштето на субјектот на надзорот.
Добиениот износ се дели со 100 (сто) и се множи со висината на цената на горивото по литра. Вака добиениот износ се зголемува за 20 % на име амортизација на возилото.

| |
|---|
| 7 x ___км = x / 100 x ___ден/литар =___денари x 20 % =______денари |
| *Табела за пресметување во прилог |

(3) Прилог табела за пресметка.

**Член 6**

**Висината и начинот на определување на реално направените трошоци**

(1) Висината и начинот на определување на реално направените трошоци за инспекциската постапка, ќе се утврди по обезбедување на валидна документација како што е: профактура/фактура/потврда за трошоците, а во врска со дејствијата од членовите 3, 4 и 5 од овој правилник.

(2) Субјектот на инспекцискиот надзор е задолжен во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од реално направените трошоци од инспекциската постапката.

(3) Доколку субјектот на надзорот не ги надомести утврдените трошоци за спроведување на инспекцискиот акт, ќе се спроведе присилна наплата, согласно одредбите од Законот за даночната постапка.

**Член 7**

**Постапувањето со службените возила**

При спроведување на инспекцискиот надзорсе применува и ,,Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавки, начин на користење на горивото и начинот на користење и следење на GPRS системот" арх. бр. 02-952/1 од 02.11.2017 година.

**Член 8**
**Влегување во сила**

Овој правилник стапува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен на Огласна табла во Државниот инспекторат за земјоделство, во сите подрачни канцеларии на Државниот инспкекторат за земјоделство, како и на официјалната веб страна diz@diz.gov.mk. А ќе се применува од 01.01.2020 година.